[redacted]

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Архивски бр. 11-1660/2
Дата: 28.09.2012

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 8
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : Кабинет на министерот
Министер, Abdilaqim Ademi
- тука

Предмет: Заклучок на Извештај за соодветност на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот - Изградба на ХЕ "Бошков мост" во општина Маврово и Ростуша и во општина Дебар

Почитуван г-дин Министер,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/ 2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010 и 51/2011) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот - Изградба на ХЕ "Бошков мост" во општина Маврово и Ростуша и општина Дебар, на ден 26.09.2012 година изготви

## ИЗВЕШТАЈ

за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот - Изградба на ХЕ "Бошков мост" во општина Маврово и Ростуша и во општина Дебар

1. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина, на проектот - Изградба на ХЕ "Бошков мост" во општина Маврово и Ростуша и во општина Дебар, врз основа на Студијата за оцена на влијанијата врз

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 8
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

животната средина изработена од ДГПУ "ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл" ДОО од Скопје, со технички број ПЖС_005_01/11, со одговорно лице за изготвување на студијата Менка Спировска – експерт за оцена на влијанието врз животната средина, за потребите на инвеститорот АД "ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА", со седиште на ул. "11 Октомври" бр. 9, Скопје, оцени дека целта на проектот - Изградба на ХЕ "Бошков мост" е искористување на дел од расположивиот хидро – потенцијал во Република Македонија за производство на електрична енергија. Проектот планирано е да биде спроведен на подрачјето на општина Маврово и Ростуша како и во општина Дебар. ХЕ "Бошков мост" ќе произведува 70 MW електрична енергија и околу 126 GWh годишно со користење на водата од Мала Река и нејзините притоки (Тресонечка, Росочка, Лазарополска, Валовница, Гарска, Ѕвончица и Белешница). Со овој проект предвидени се 6 зафатни градби од тиролски тип на реките од сливното подрачје на Мала Река (Тресонечка, Росочка, Лазарополска, Валовница, Гарска, Ѕвончица и Белешница), изградба на доводен тунел со должина од 8737 m, изградба на камено-насипна брана (Тресонче) висока 33,8 m и акумулација (резервоар) со вкупен волумен 2,3 милиони $m^3$, како и изградба на машинска зграда со структурни елементи. ХЕ "Бошков мост" е комплексен хидроенергетски систем чија цел е надополнување на енергетскиот потенцијал како и зголемување на производството на електрична енергија во Република Македонија.

2. Министерството за животна средина и просторно планирање го задолжува инвеститорот децидно да го имплементира планот за управување со животната средина и социјланите аспекти (составен дел на овој извештај) кој се наоѓа во прилог на овој извештај.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 8
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

3. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот - Изградба на ХЕ "Бошков мост" во општина Маврово и Ростуша и во општина Дебар, му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на проектот - Изградба на ХЕ "Бошков мост" во општина Маврово и Ростуша и во општина Дебар, во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на штетните влијанија врз животната средина и природата.

Со почит,

Комисија:

1. м-р Зоран Бошев
2. Влатко Цветаноски
3. Хусни Тачи
4. Илбер Мирта
5. м-р Валериј Пенев
6. Фатос Балиу
7. Александар Петковски
8. м-р Сашко Јорданов

Прилог:

- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот - Изградба на ХЕ "Бошков мост" во општина Маврово и Ростуша и во општина Дебар, како и планот за управување со животната средина и социјланите аспекти.